**Постапка за добивање решение за почеток со работа**

По добиеното решение за акредитација на студиската програма од страна на Одборот за акредитација на високото образование, единицата-предлагач на студиската програма поднесува:

1. Барање до Агенцијата за квалитет во високото образование
2. Копија од Решението за акредитација на студиски програми од прв/втор циклус

Директорот на Агенцијата за квалитет формира комисија за утврдување на исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решение за почеток со работа на студиски програми од прв и втор циклус дава Директорот на Агенцијата за квалитет по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет.

Извештаите и решенијата за акредитација на студиските програми целосно се објавуваат на веб страната на Агенцијата за квалитет.

Единицата на универзитетот задолжително ги објавува јавно студиските програми и решението за почеток со работа на студиската програма на својата веб страна и на друг начин најдоцна до објавувањето на конкурсот за упис на студенти.

**Рокови:**

Одборот за акредитација го донесува решението за акредитација на студиска програма **во рок од 90 дена** од денот на поднесувањето на комплетната документација.

Директорот на Агенцијата за квалитет го донесува решението за почеток со работа на студиска програма **во рок од 30 дена** од денот на поднесувањето на комплетната документација.